# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ТЕРМАЛЕН ТУРИЗАМ” ОД АВТОРИТЕ ВОН.ПРОФ. Д-Р НАКО ТАШКОВ И ДОЦ. Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2602-875/6 од 4 јули 2014 г. од 116. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 4 јули 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Науме Мариноски, редовен професор на Факултет за туризам и угостителство при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола;
– д-р Марија Ацковска, вонреден професор на Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје,

за изготувување на извештај - рецензија на приложениот ракопис на учебникот „**Термален туризам**” од авторите д-р Нако Ташков, вонреден професор и д-р Дејан Методијески, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Штип наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно - научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Извештајот на рецензијата ги содржи следниве податоци:***

**Општи податоци за ракописот:** Овој учебник е од областа на туризмот. Учебникот се состои од 8 поглавја, што е во согласност со Наставниот план и програмата на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот Термален туризам, за којшто е наменет учебникот, е изборен предмет, носи 4 кредити и се слуша во прва година, прв семестар, на насоките Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика, со неделен фонд на часови 2+2+1. Учебникот ќе претставува основна литература во изучување на предметната програма од горенаведената наставна дисциплина. Материјалот во ракопис за учебник е изложен концизно, прегледно со слики и табели со што ќе биде лесно разбирлив и совладлив од страна на студентите за кои е наменет.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот има вкупно 150 страници, 20 фотографии и 38 табели и е предаден за рецензија, среден во А4 формат. Обемот на ракописот на учебникот „Термален туризам” по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот на учебникот „Термален туризам” опфаќа 8 поглавја во кои се опфатени основните сознанија за термалниот туризам и туристичките вредности на бањите во Република Македонија: вовед, теоретско методолошкиот пристап во истражувањето, диференцијација на бањските туристички локалитети, менаџментот во бањските центри, специфичноста на исхраната во бањите, заштита на просторот во бањите, местото на бањскиот туризам во Република Македонија, перспективите за развојот на овој вид туризам и преглед на ставовите на посетителите во бањските центри во Република Македонија.

Во првото поглавје се претставени историскиот развој и почетоците на термалниот туризам, неговото дефинирање и видови, теоретско методолошкиот пристап во изработката на трудот, состојбата и тенденциите на развој на термалниот туризам во Европа и светот. Објаснети се и основните информации поврзани со различните процедури кои

се применуваат во бањските центри и се дадени примери на туристички дестинации кои успешно развиваат термален туризам.

Во второто поглавје е прикажана диференцијацијата на бањските туристички локалитети во нашата земја. Опфатени се седум бањи и тоа Бања Кежовица, Бања Банско, Негорска бања, Дебарски бањи, Кумановска бања, Катлановска бања и Кочанска бања. Во материјалот за секоја бања одделно се претставени основните факти поврзани со: историскиот развој; туристичко географската положба; сообраќајната поврзаност; природните туристички вредности (релјеф, климатски карактеристики, природен и животински свет, хидрографски карактеристики, лекувачки можности, рекреативни можности) и антропогените туристички вредности (културно-историски споменици, манифестации, етнографски вредности, националната исхрана).

Во третото поглавје се обработува материјалот поврзан со менаџментот во бањските центри. Опфатени се управувањето со просторните ресурси во бањите, управувањето со работните процеси (здравствен, сместувачки и ресторански) и современата и специфична примена на менаџментот во бањските центри.

Во четвртото поглавје, специфичност на исхраната во бањите, се посветува внимание на бањската (стационарна) исхрана, диеталната исхрана и ресторанското работење во бањските центри.

Петтото поглавје е посветено на заштитата на просторот во бањите, претставени се факторите за загадување на животната средина во бањите, направена е поделба на бањите според степен на заштитеност, а посочени се и мерките кои можат да се применат за заштита на животната средина во бањите во Република Македонија.

Местото на бањскиот туризам во Република Македонија е претставено во шестото поглавје. Тоа ги опфаќа табеларно прикажаните податоци за бројот на туристи и остварените ноќевања во бањските центри и секундарните извори на податоци поврзани со бањскиот туризам.

Седмото поглавје се однесува на перспективите за развој на бањскиот туризам во Република Македонија. Определени се проблемите со кои се соочуваат бањските центри (под влијание и оние кои не се под влијание на бањските центри).

Во последното поглавје се претставени резултатите од истражувањето кое е направено во бањските центри и е даден табеларен преглед на ставовите на посетителите во бањските центри во Република Македонија.

На крајот од ракописот е дадена користената литература и интернет страници, каде што се наведени сите наслови, цитирани во материјалот, предмет на овој учебник.

## З А К Л У Ч О К

Според гореизнесеното, рецензентите констатираа дека поднесениот ракопис за учебникот „Термален туризам" од вон.проф. д-р Нако Ташков и доц.д-р Дејан Методијески опфаќа научни, стручни и наставни содржини според наставната програма за овој предмет. Материјалот е квалитетно обработен и систематизиран, а ракописот е напишан на јасно разбирлив стил и на ниво достапно и разбирливо за студентите.

Учебникот ќе придонесе студентите на поедноставен начин да ја совладаат оваа значајна материја од областа на туризмот, која е целосно во согласност со наставната програма на соодветната дисциплина што се слуша во прва година на насоките Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика.

Со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати позитивно рецензираниот ракопис за учебникот „Термален туризам", поднесен од вон.проф. д-р Нако Ташков и доц. д-р Дејан Методијески, како основен учебник и да одобри негово користење според Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Науме Мариноски, редовен професор на Факултет за туризам и угостителство при Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, с.р.**
**Д-р Марија Ацковска, вонреден професор на Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје с.р.**